**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar: 29-04. 2021

| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| --- | --- | --- | --- |
| 10 | 1807 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен;

2. **Субјект на надзорот:** Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО - ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Петти програмски сервис (МРТ5);

3. **Период опфатен со надзорот:** 21 април 2021 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 29 април 2021 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Информации достапни за корисниците);
   - **Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците** (Бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година)

6. **Претходно изречена мерка:**

   *На 17.03.2021 година, за непочитување на членот 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – јавна опомена (Уп1. бр. 03-146 од 17.03.2021 година) на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Петти програмски сервис (МРТ5);*

   *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението (17.03.2021г.) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

   Со контролниот административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Петти програмски сервис (МРТ5), емитуван на 21 април 2021 година, на државно ниво, констатирано е дека **радиодифузерот во целост постапил по решението за**

**изрекување мерка - јавна опомена,** односно ја отстранил извршената повреда од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***